# Е-Билтен 36




Март 2023

## Петнаесет години ЦеПроСАРД

Во февруари 2023 година го прославивме 15–тиот роденден на ЗГ ЦеПроСАРД.

Зад нас е долгогодишна тимска и посветена работа насочена кон остварување на целите за одржлив развој и заштита на животната средина

Денес, задоволно се присетуваме на почетоците кога во 2008 година, пионерски и со огромен ентузијазам, на фарми низ целата земја ги поставивме првите **пилот проекти** за имплементација на мерки за енергетска ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија – сончева, ветерна, биомаса...

Препознатливата посветеност на нашиот тим ни овозможи воспоставување долгорочни партнерства со институциите од областа на нашето делување во различни сфери на општеството и континуирано ни го продлабочуваше полето за работа, перпективите и можностите, но и одговорноста кон другите и нас самите за постојано подобрување.

**Сега по 15 години со гордост ги резимираме постигнувањата од нашата работа:**

- препознаен партнер на институциите во изнаоѓањето иновативни и современи модели и решенија за јавни услуги кои промовираат здрава животна средина, базирани исклучиво на чиста енергија, партнер кој со своето делување придонесува во енергетска транзиција во земјата;
- голем број успешно спроведени проекти од областа на заштитата на животната средина, биодиверзитетот, климатските промени, справување со ризици од поплави, аерозагадување, промоција на еколошки туризам и богатото природно и културно наследство на нашата земја;
- промотер на континуирана надградба и едукацијата на тимот, но и на различните чинители во областа на нашето делување – институтициите, граѓанскиот сектор, бизнис заедницата, но и граѓаните, особено ранливите, младите и децата, луѓето кои живеат во рурални и оддалечени средини. Особено сме горди на на верифицираната програма за образование на возрасни со која се обучени повеќе од 100 асистенти за поддржано живење на лица со посебни потреби.






- организација која промовира инклузија на најранливата категорија граѓани – како преку активности за унапредување на социјалното претприемништво, така и преку директна поддршка на лицата со попреченост сместени во институциите да најдат топол дом во нови реконструирани и соодветно опремени домови;
- Со цел унапредување на одржливиот развој на заедницата во која „никој не е изоставен“ како организација цврсто определна кон соработка, се вмреживме со голем број организации од земјата и регионот, а во рамки на активностите обезбедувавме и стручна поддршка за различни форми на здружување - јавно приватно партнерство, задруги, кооперативи, ЛАГ-ови.

*Им благодариме на сите кои контируирано не следат, поддржуваат и работат со нас на развојот на граѓанскиот сектор како столб на демократијата и клучен играч за надминување на  предизвиците на современотот општество.*

*Срдечно Ве поздравуваме и Ве покануваме да го прочитате и овој, најнов број на нашиот билтен.*

# Заедно за повеќе можности и поддршка – ТИМОР.

## Отворање на 10-та станбена единица за живеење со поддршка и активности за воспоставување на одржливост на проектот



Во рамките на проектот „Заедно за повеќе можности и поддршка – ТИМОР“ во текот на изминатото тримесечје континуирано работевме на успешно и времено извршување на проектните активности.

Кон крајот на декември 2022 година, го добивме официјалното одобрување на барањето за продолжување на времетраењето на проектот за дополнителни 4 календарски месеци.
Во овој период ја отворивме и нашата 10-та станбена единица за живеење со поддршка во општина Градско чиј давател на социјалната услуга е Здружението на лица со церебрална парализа и други попречености – ЗЛЦППД Велес. Во текот на тригодишното времетраење на проектот отворивме 10 станбени единици за живеење со поддршка во заедницата – пет (5) станбени единици во Општина Демир Капија, две станбени единици во Општина Велес, две станбени единици во Општина Градско и една (1) станбена единица во Општина Неготино. Во овие 10 мали станбени единици, односно свој топол дом добија вкупно 50 корисници преселени од Специјален Завод Демир Капија.



Во текот на јануари и февруари 2023 година, одржавме бројни работни состаноци за успешно имплементирање на преостанатите активности. Во процес на изработка е и публикацијата – Монографија и истата ќе биде официјално публикувана на завршниот настан на проектот.

За реализација на хортикултурните активности за лицата преселени во 10-те станбени единици за живеење со поддршка, започнавме соработка со професор Зоран Димов, земјоделски експерт од ФЗНХ, Скопје, кој е вклучен во обработка на дел од земјиштето во СЗДК и за имплементација на хорткултурни активности. Ангажиравме и еден консултант – лице за стручна поддршка кое ќе биде директно вклучено во хортикултурните активности.. Во овој период набавивме материјали за окупациона терапија, ароматични билки, почвени ѓубрива и градинарска опрема за имплементација на хортикултурните активности. Преку обработување и садење на ароматични билки, како и набавката на садници и градинарска опрема, целиме да воспоставиме окупациона терапија за секој корисник на услугата - живеење со поддршка. На овој начин развиваме можност за континуирано долгорочно активирање на корисниците во процесот на активна рехабилитација. Со идна набавка на дополнителна опрема –дестилатор за масло, постои можност да се добие производ масло од лаванда, жалфија или невен, како и набавка на сушара за производство на разновиден чај спакуван во миризливи вреќички, итн. Оттука ќе произлезе одрживоста на проектот ТИМОР. Обезбедивме мала медицинска опрема, неопходна за секој дом и спортски реквизити наменети за активна рехабилитација на корисници. Во фаза на подготовка се набавките за дидкатички и едукативни материјали, ортопедски помагала и дополнителна облека и обувки за корисниците.



На 16.03.2023 година го одржавме нашиот 10-ти состанок на Конзорциум, а воедно и последен, заедно со проектните партнери на проектот. На состанокот беа дискутирани завршените, тековните и идните проектни активности и начини за продолжување на соработката со проектните партнери и по завршување на проект ТИМОР.

Проектот е финасиран од Европската Унија.

# Проект: **Поддршка на социјалните претпријатија следејќи го принципот „Не оставај никој зад себе“**




Проектот придонесува за поволни услови за работа на социјални претпријатија, преку поддршка за подобрување на оперативните капацитети на 6 социјални претпријатија, а истовремено поддржува нови вработувања на најмалку 9 лица од ранливите групи (лица со попреченост, жени во ризик и долгорочно невработени).

Како дел од проектните активности за подобрување на оперативните капацитети на поддржаните социјални претпријатија се изведуваат прилагодени обуки за нивните членови и вработени, за кои сметаат дека ќе им помогнат во унапредување на нивните услуги и дејности.









За да ги дефинира потребите на регрантираните организации, проектниот тим за имплементација на проектот спроведе анкета помеѓу нив, и од добиените одговори реши дека прилагодените обуки ќе се изведуваат во трИ области за по две организации: Дигитален маркетинг, енергетска ефикасност и оддржливи извори на енергија, и Заштита на животна средина. Ги обезбедивме потребните предавачи за избраните теми, кои ги започнаа обуките со запознавање на секоја организација посебно и дефинирање на нивните специфични потреби заради кои развија програма според која ги изведуваат обуките.



За компонентата за поддршка на вработување на лица од ранливи групи, проектниот тим вложи напори за пронаоѓање на соодветни компании и организации кои се заинтересирани за помош на овие лица. Со финансиска `во неколку компании и здруженија во различни области на делување, почнувајќи од софтверски компании, граѓански здруженија до лица за помош при поддржано живеење.

Целна група и крајни корисници на проектот се социјални претпријатија/граѓански организации кои се ангажирани во оваа област, социјално ранливи лица (лица со посебни потреби, жени во ризик, долгорочно невработени млади …) и нивните семејства, локални бизниси, општини и национални владини институции.

Проектот е финансиран од Европската Унија.

# Интензивни подготовки за воспоставување на новиот систем за греење во петте општински објекти во Радовиш - Проект **Зелена Топлина**



Изминатите три месеци ги одбележаа интензивни активности за подобрување на енергетската ефикасност (ЕЕ) на дел од општинските објекти во Радовиш опфатени со проектот „Зелена топлина“ со кој ќе се постави нов, енергетски ефикасен систем за греење кој користи обновливи извори на енергија. Најголем дел од корисниците на овие објекти се децата и младите од оваа општина. Во оваа фаза со мерките за ЕЕ беше опфатен клонот Цветови на детската градинка „Ацо Караманов“, каде беше поставена нова ЕЕ фасада, како и спортската сала во средното училиште „Коста Сусинов“ при чија реконструкција беше изработен нов под со подобри енергетски карактеристики.

Проектот „Зелена топлина“ со кој се пилотира нова, целосно еколошка услуга за греење на јавните објекти е од особено значење поради својата иновативност не само за општината туку и за земјата и регионот. Изминатиот период беше презентиран на повеќе настани од национален и меѓународен карактер меѓу кои тематската дебата „Енергетската криза во Европа – што македонските општини можат и треба да направат“ во рамки на 20-от Заеднички консултативен комитет КоР – Македонија, одржан во Скопје во ноември 2022 година и ‚Економско дипломатскиот караван“во март 2023 год. во Радовиш, на кој присуствуваа дипломати и економски претставници од 17 земји.



Градежни активности за подобрување на ЕЕ
на ЈОУГД „Ацо Караманов, клон „Цветови, Радовиш
Извор: https://radovis.gov.mk/подобрување-на-енергетската-ефикасност





Реконструкција на подот во спортската сала на СОУ „Коста Сусионов“ во Радовиш
Извор :https://mediapress.mk/2023/03/06/реконструирана-спортската-сала-во со/?fbclid=IwAR3UZ_VbkJUOCywte2bbbYDA8dVeg3urtdMjcj0sPSo4CunOXG0EDKdz0Jw

Проектот е кофинансиран од Европската Унија.

# Усовршување на знаењето и вештините на тимот на ЗГ ЦеПроСАРД



ЗГ ЦеПроСАРД континуирано работи на зајакнување на капацитетите на тимот. Во периодот од јануари до март 2023 година наши претставници присуствуваа на следните обуки и информативни сесии:
Дводневна обука на тема заштита на лични податоци во рамки на проектот „Техничка и интегрирана заштита на личните податоци – градење инклузивен дигитален екосистем“, поддржан од Европската Унија, кој се оддржа во Скопје од 01.02-02.02.2023 година.

Вебинар насочен кон градење на капацитетите на граѓаните за основите на сајбер безбедност, одржување на сајбер-хигиена, како и добри практики за безбедност на граѓаните онлајн, на дигиталните уреди и податоците на интернет. Овој вебинар беше оддржан на 15.02.2023 година.

Состанокот за консултации на Граѓанските организации за даночниот третман на ГО организиран на 28 февруари 2023 година во Хотел Панорамика Скопје, имплементиран од конзорциум предводен од СРМ за Проектот на Европската Унија „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката околина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“.
Онлајн работилница на 07.03.2023 година, на платформата на ZOOM, во рамките на ЕУ проектот: „Техничка и интегрирана заштита на личните податоци – градење на инклузивен дигитален екосистем“, организиран од Конект и Метаморфозис, а со цел  градење на капацитетите на клучните чинители и јакнење на свеста за важноста на овие теми.

Консултации за Нацрт-извештајот за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024 за 2022 година организиран од Граѓанскиот ресурсен центар и Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат на Владата во периодот од 14 до 16 март оваа година во Скопје, Гостивар и Штип.

Учество на дводневна обука “Заедно за климатска акција” за потребите на проектот “Граѓанските организации во акција за климатските промени” која беше спроведена од Македонско здружение на млади правници/Macedonian Young Lawyers Association, Eko-svest и CNVP Foundation, а поддржана од страна на Embassy of Sweden in Skopje, за зајакнување на еколошките граѓански организации.

## **Соработка** со бизнис секторот, граѓанскиот сектор и единиците на локална самоуправа...

Тимот на ЦеПроСАРД покрај соработката со граѓанските организации, тој исто така се залага и за успешна и долгорочна соработка со бизнис секторот, единиците на локалната самоуправа како и останати чинители кои се залагаат за креирање на општествена одговорност и одржување на развојот. Тимот на ЦеПроСАРД воспостави комуникација и потпиша договор за соработка и консултантски услуги со Силген Ресурсис Интернешанл ДОО од Кратово со кој се воспостави успешна соработка за јакнење на капацитетите за внатрешна и надворешна комуникација на организациониот тим, преку обуки и изработка на Стратегија за комуникација. Овие активности се предвидени да се завршат до крајот на оваа календарска година.

ЦеПроСАРД

Copyright © 2022 CeProSARD, All rights reserved.
Our mailing address is: info@ceprosard.org.mk
Want to change how you receive these emails? You can update your preferences or unsubscribe from this list.